**20252284405**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став (1) од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.31/20, 16/25 и 156/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 ноември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2025 година.

Потребните средства за реализација на оваа програма во износ од 105.850.000 денари се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година од кои 100.000.000 денари се предвидени во Раздел 18001-Министерство за култура и туризам, Потпрограма 12-Промоција и поддршка на културата и туризмот, Ставка 462-Субвенции за приватни претпријатија, Сметка 631 и 5.850.000 денари кои се предвидени во Раздел 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата, Потпрограма 90-Меѓународна соработка, Ставка 464-Разни трансфери, Сметка 631.

Член 2

Средствата од член 1 став (2) од оваа програма се наменети за субвенционирање на странски организиран туристички промет, за промотивни активности и активности за поддршка на туризмот и тоа:

а) За субвенционирање на странски организиран туристички промет се наменуваат 100.000.000 денари;

б) За промотивни активности - учество на Меѓународен саем за туризам во Нови Сад – Република Србија се наменуваат 2.500.000 денари и

в) За активности за поддршка на туризмот - исплата на годишна членарина за Светска туристичка организација се наменуваат 3.350.000,00 денари.

Член 3

Барателите на субвенции за странски организиран туристички промет од член 2 точка а) од оваа програма треба да достават:

1. барање за добивање на субвенции за странски организиран туристички промет во писмена форма лично или преку пошта до Министерството за култура и туризам – Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот - Струга, на пополнет образец, кој може да се обезбеди преку веб страната на Министерството за култура и туризам и
2. потребна документација со која барателот докажува дека ги исполнува условите утврдени во Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација за странскиот организиран туристички промет.

За спроведување на активностите за добивање на субвенции за странски организиран туристички промет од член 2 точка а) од оваа програма од страна на министерот за култура и туризам се формира комисија од шест члена и нивни заменици, како и претседател и заменик претседател од редот на вработените во Министерството за култура и туризам – Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга.

Пристигнатите барања се разгледуваат од страна на Комисијата од ставот 2 на овој член и за уредните барања му предлага на министерот за култура и туризам да донесе решение за исплата на субвенции за странски организиран туристички промет.

За барањата кои немаат уредна и комплетна документација со која се докажува дека се исполнети условите, Комисијата од ставот 2 на овој член до барателот доставува известување за комплетирање на документацијата во рок од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето.

Барателите на субвенции кои нема да ја комплетираат документацијата во рокот од ставот 4 на овој член, како и во продолжениот рок согласно член 94 став (2) од Законот за општата управна постапка, не може да се стекнат со субвенции за странски организиран туристички промет.

Член 4

За реализирањето на оваа програма ќе се грижи Министерството за култура и туризам.

Член 5

Министерството за култура и туризам за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и за постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности заклучно со 30 јуни 2026 година.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/25).

Член 7

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-9719/9
4 ноември 2025 година
Скопје

Претседател на Комисијата
и заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.